Врз основа на член 19 алинеа 7 и член 29 став (8) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/18, 21/18, 98/2019 и 153/19), по предлог на директорот на Агенцијата за електронски комуникации, број __________ од ____________ година, Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на ден година донесе:

**Предлог - ОДЛУКА**

**За користење на нереализираните средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2020 година**

**I**

Во согласност со Законот за електронски комуникации (Сл. Весник на РМ бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/18, 21/18, 98/2019 и 153/19) со овој допис Ви доставувам Предлог Одлука на користење на нереализираните средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2020 година, кои поизлегуваат од Годишната завршна сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2020 година, при што се утврдени вишок финансиски средства од минати години во износ од 436.421.516,00 денари и вишок на финансиски средства од претходна година во износ од 2.442.783,00 денари по оданочување, или вкупно 438.864.299,00 денари, како нереализирани средства од Годишниот финансиски план за 2020 година, и истите во Годишниот финансиски план за 2021 година да се распределат на следнаве расходни и приходни ставки:

**РАСХОДИ**

Расходна ставка 400 – ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

- 400511 Горива и масла (моторни возила) – зголемување за 200.000,00 денари

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2021 година изнесува 5.006.000,00 денари.

Расходна ставка 401 – потрошена енергија

- 401800– Електрична енергија (АЕК + КМЦ-а) – зголемување за 1.200.000,00 денари по Договор.

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2021 година изнесува 4.600.000,00 денари.

Расходна ставка 403 – ДРУГИ услуги

403212 – Поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема – зголемување за 12.119.400,00 денари и намалување за 700.000,00 денари

403213 -Поправки и одржување на опрема – намалување за 100.000,00 денари

403320 – Телефон и телефакс – зголемување за 1.550.000,00 денари

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

4033202 - Интернет и линкови – зголемување за 3.050.000,00 денари
403330 - Услуги за копирање, печатење и издавање – зголемување за 500.000,00 денари

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2021 година изнесува 55.502.700 денари.

Расходна ставка 408 – НАЕМНИНА

- 408110 – Наемнина - сензори - зголемување за 1.800.000,00 денари

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2021 изнесува 3.600.000 денари.

Расходна ставка 409 – ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ

409102-Услуги за чистење- зголемување за 1.400.000,00 денари

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2021 изнесува 3.583.700,00 денари.

Расходна ставка 412 – ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

412211-Осигурување на имотот на АЕК – намалување за 4.000.000,00 денари

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2021 година изнесува 6.000.000,00 денари.

Расходна ставка 414 – НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ И ГРАЃАНИ

414330– Надомест за годишен одмор (регрес) – зголемување за 500.000,00 денари
414360– Надоместок за користење на сопствено возило – намалување за 500.000,00 денари
414390– Одвоен живот – намалување за 100.000,00 денари

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2021 година изнесува 3.212.500 денари.

Расходна ставка 416 – ЧЛЕНАРИНИ

416110 – Членарини во меѓународни организации – зголемување за 7.000,00 денари
416120 – Членарини во домашни организации – зголемување за 100.000,00 денари

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2021 година изнесува 6.594.500,00 денари.

Расходна ставка 417 – ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ

417310 – Правни услуги – зголемување за 750.000,00 денари
417710 – Обука за стручно усовршување – зголемување за 500.000,00 денари
417741 – Семинари, конференции, саеми (котизација) – зголемување за 1.000.000,00 денари
417990 – Други договорни услуги - зголемување за 7.300.000,00 денари и намалување за 1.200.000,00 денари
417996 – Други договорни услуги - зголемување за 3.750.000,00 денари

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2021 година изнесува 66.148.500,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 418 - ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ

418991 – Објава на огласи, тендери – зголемување за 1.000.000,00 денари
4189980 - Останати расходи – судски трошоци – изгубен спор – зголемување за 2.000.000,00 денари

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2021 година изнесува 7.150.000 денари.

Расходна ставка 440 – КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА

440006 – Изградба на антенскиот систем за контрола и мониторинг – зголемување за 271.587.899,00 денари по Договор.

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2021 година изнесува 277.223.899,00 денари.


Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

Расходна ставка 441 - ОПРЕМА

441001- Информатичка опрема – зголемување за 77.350.000,00 денари и намалување за 7.900.000,00 денари

441008 – Друга опрема – зголемување за 18.600.000,00 денари

441010 – Возила – зголемување за 7.000.000,00 денари

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2021 година изнесува 247.052.500,00 денари.

Расходна ставка 455 – ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ

455 - Помошти, донации и други давачки – зголемување за 41.000.000,00 денари

-35.000.000,00 за КОВИД

-6.000.000,00 за стипендии за факултети

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2021 изнесува 69.690.000,00 денари.

Вкупни планирани расходи 1.005.614.299,00 денари.

- Пренесен вишок на приходи над расходи од минати години во износ од 436.421.516,00 денари.
- Пренесен вишок на приходи над расходи од претходна година во износ од 2.442.783,00 денари.

Вкупни планирани приходи 1.005.614.299,00 денари.

Вкупно со сите зголемувања и намалувања на состојбата на финансиските средства вредноста изнесува 438.421.516,00 денари.

II

Стручните служби на Агенцијата за електронски комуникации да изработат измена и дополнување на Годишниот финансиски план за 2020 година и истиот да го доставaт на одобрување до Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзинето донесување.

Образложение

Согласно член 29 став (8) од Законот за електронски комуникации (Службен весник на Република Македонија бр 39/14, 188/14, 44/15, 193/2015, 11/18, 21/18, 98/2019 и 153/19) е утврдено дека „Нереализираните средства од финансискиот план на Агенцијата од претходната година, Агенцијата ќе ги пренесе во финансискиот план за наредната година, при што може да одлучи тие средства, или дел од нив, да се искористат за развој на електронските комуникации и информатичкото општество, како и за други работи од значење за Република Македонија, утврдени со финансискиот план на Агенцијата“.

Во согласност со оваа законска одредба, а имајќи го во предвид фактот дека со Годишната завршна сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2020 година, се утврдени средства во износ од 438.421.516,00 денари по оданочување, како нереализирани средства од Годишниот финансиски план за 2020 година, директорот на Агенцијата за електронски комуникации до Комисијата достави предлог број _________ од ________ година за донесување на Предлог - Одлука за користење на нереализираните средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2020 година.

При разгледувањето на доставениот предлог од Директорот на Агенцијата, како и приложената документација за користење на нереализираните средства од Годишниот финансиски план на АЕК за 2020 година, наведен во диспозитивот на оваа одлука, Комисијата оцени дека со реализацијата на истите во Годишниот финансиски план за 2021 година, ќе се овозможи тековно функционирање на редовното работење и ќе се поттикне развојот на електронските комуникации и информатичкото општество и ќе се обезбеди добробит за сите граѓани во Република Македонија, поради што врз основа на член 19 алинеа 7 и член 29 став (8) од Законот за електронските комуникации донесе Одлука како во диспозитивот.

Агенција за електронски комуникации

Комисија

Стевица Јосифовски, претседател

Наш број 1102-11/4

16.06.2021 година

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk